**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО МИО ПРОЕКТ СО ПАРТНЕР УЧИЛИШТЕТО ООУ„ТЕФЕЈЈУЗ“ 21.10. 2022**



**По повод одбележувањето на Патрониот празник на нашето училиште ООУ “Петар Поп Арсов“ во петокот на 21.10.2022 година на покана на директорката на нашето училиште се одржа заедничка средба и активности со ученици и наставници од партнер училиштето ООУ„Тефејјуз“ од Општина Чаир.Средбата беше со задоволство прифатена од страна на директорот на Тефејуз Саладин Зекир.На средбата беа и координаторот на СИТ тиомот за МИО Јелиз Ахмет,колешката од тимот Шенај Селим и колегата по физичко и здравствено образование Ердинч Сали .**



**Прво учениците и наставниците беа примени од директорката на училиштето Даниела Штерјова,педагогот Даниела Панајотова,психологот Светлана Јовевска и членови на СИТ тимот за МИО од училиштето.**

**Потоа учениците од Тефејјуз заедно со нашите ученици учествуваа во заедничка ЕКО акција за средување и разубавување на дворот на училиштето,садење декоративни цвеќиња во ЕКО училницата .**

**Следна активност беше заеднички спортски натпревар во одбојка - ученички(мешан состав на екипите од двете училишта).После пријателскиот натпревар професорот по физичко и здравствено образование од нашето училиште Александар Аргировски им одржа кратко предавање на ученичките за спортот и здравјето, бидејќи во Октомври се одбележуваат Недела на спортот и Недела на движењето„Движи се за здравје“.**









**После пријателскиот натпревар каде имаше една пријатна средба на две другарки одбојкарки од двете училишта ученичките беа поканети на сладок одмор во наставничката канцеларија.**
**На оваа средба беше потпишан анекс на Меморандумот за соработка на нашата нова Директорка Даниела Штерјова и Директорот на Тефејјуз- Саладин Зекир.**



**Исто така на гостите од ООУ„Тефејјуз“ им беше соопштено дека двајца од нивните ученици кои учествуваа на конкурсот за нашиот патронат на тема „Чистата околина предуслов за унапредување на здравјето“ освоија пофалници .За учество во ликовен дел од конкурсот на ученичката од 9 одд. Гизем Омерагич и за литературниот дел од конкурсот на ученичката од 4 одд.Езги Рамадан.Пофалниците ќе им бидат лично врачени од нашата Директорка на нашата следна средба во нивното училиште.**



**Средбата помина во пријатна и позитивна атмосвера.**

**21.10.2022** **Координатор на СИТ тимот**

**Гордана Мисајловска**